ПАКОМАК

ДРУШТВО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПАКУВАЊЕ И ОТПАД ОД ПАКУВАЊЕ

# Е-ИНФО 29

## АКТИВНОСТИ НА „ПАКОМАК”
## ВО ПЕРИОДОТ ОД ЈАНУАРИ
## ДО МАРТ 2019 ГОДИНА

ПАКОМАК ДРУШТВО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПАКУВАЊЕ И ОТПАД ОД ПАКУВАЊЕ | PRO EUROPE

# АМБАЛАЖАТА ШТО ИМА МИНАТО, **МОЖЕ ДА ИМА И ИДНИНА!**

КРАТОК ПРЕГЛЕД НА АКТИВНОСТИТЕ НА „ПАКОМАК" ВО ПЕРИОДОТ ОД ЈАНУАРИ ДО МАРТ 2019 ГОДИНА. ИНФОРМИРАЈТЕ СЕ ЗА РЕАЛИЗИРАНИТЕ ПРОЕКТИ ЧИЈА ЦЕЛ Е ПРОМОЦИЈА НА ВАЖНОСТА НА СЕЛЕКЦИЈА И ПРЕРАБОТКА НА АМБАЛАЖНИОТ ОТПАД.

ЈАНУАРИ - МАРТ 2019

ПАКОМАК
ДРУШТВО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПАКУВАЊЕ И ОТПАД ОД ПАКУВАЊЕ

PRO EUROPE

## БИЗНИС ЗАЕДНИЦА

ПАКОМАК“ СЕ ЗАКИТИ СО ПРЕСТИЖНАТА НАГРАДА И ПРИЗНАНИЕ ЗА ПРИДОНЕС ВО РАЗВОЈОТ НА ПРЕТПРИЕМАШТВОТО ВО СРЕДНА И ВО ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА

ПОДДРШКА НА НАСТАНОТ „МОДЕН ВИКЕНД“ ВО СКОПЈЕ

## НАСЕЛЕНИЕ

ЧИСТЕЊЕ ВО ЦЕНТАРОТ НА СКОПЈЕ

„ПАКОМАК“ ГО ПОДДРЖА ДЕТСКИОТ ЗАБАВЕН ФЕСТИВАЛ „ПОТОЧИЊА“

СЕЛЕКТИРАЈ ИДНИНА“ СО КИРИЛ ЛАЗАРОВ

НАПРАВЕНО МАРКЕТИНГ-ИСТРАЖУВАЊЕ ВО ВРСКА СО СВЕСТА И СО МИСЛЕЊЕТО НА ГРАЃАНИТЕ ЗА РЕЦИКЛИРАЊЕТО НА АМБАЛАЖНИОТ ОТПАД

„ПАКОМАК“ ИЗБРА НАЈЕКОЛОШКА ОПШТИНА ЗА 2018 ГОДИНА

# БИЗНИС ЗАЕДНИЦА

## 1 „ПАКОМАК“ СЕ ЗАКИТИ СО ПРЕСТИЖНАТА НАГРАДА И ПРИЗНАНИЕ ЗА ПРИДОНЕС ВО РАЗВОЈОТ НА ПРЕТПРИЕМАШТВОТО ВО СРЕДНА И ВО ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА

Во рамките на шестиот регионален самит на претприемачи, кој беше одржан во Дубровник во март 2019 година, на иницијатива на „PROMO International Group“, чијашто цел е со квалитетни дискусии и стручни укажувања да се дојде до начин на решавање на економските проблеми во регионот, „Пакомак“, како претпријатие што се стреми да го намали на минимум негативното влијание на амбалажниот отпад врз животната средина, се закити со наградата „Најзаслужна компанија за придонес во претприемаштвото во Централна и во Југоисточна Европа“ за 2018 година.

Целта на регионалниот самит на бизнисмени од Средна, Јужна и од Југоисточна Европа „300 БЕСТ“ е јавно признавање и привлекување на вниманието на јавноста кон успехот на претприемачите, ретки визионери и утрешни лидери, чијашто работа, знаење и креативност се вткаени во основите за воспоставување и за развивање ново и подобро општество во кое ќе живееме и ќе работиме.

„Пакомак“ ја доби наградата во друштво на голема конкуренција на компании од десет земји во Централна и од тринаесет земји од Југоисточна Европа. Оваа награда сосема заслужено заврши во рацете на „Пакомак” благодарение на



континуираниот развој и остварување на строго предвидените цели преку безброј проекти, како и едукација и активности на деца од најмала возраст. Па така, денес „Пакомак“ има одлична соработка со 35 општини, во кои живее повеќе од 75 проценти од населението во Република Македонија, каде што се уредно поставени контејнери за селективно собирање хартија, пластика и стакло од населението. Дополнително, компанијата соработува со повеќе од 800 објекти (хотели, ресторани и кафулиња) од кои редовно собира стаклена амбалажа и овој број од година во година расте.

Паралелно со вложувањата во селектирањето отпад, најмногу се вложува и во едукација на младата популација. Па така, се организираат проекти како „Екомагионичар“, „3Д екоавтобус“ разни претстави на тема екологија. Секој од овие проекти опфати повеќе од 50.000 ученици од повеќе од 100 основни училишта во нашата држава.

## 2 ПОДДРШКА НА НАСТАНОТ „МОДЕН ВИКЕНД“ ВО СКОПЈЕ

Во рамките на поддршка на настани од различен карактер, годинава „Пакомак“ го поддржа модниот настан „Моден викенд“, кој се одржа во зградите на Европскиот универзитет во Скопје. „Пакомак“ им подари канти во кои сите посетители на настанот можеа да селектираат хартија, пластика и стакло. На овој настан уште еднаш се покажа колку битен сегмент претставува селектирањето и рециклирањето за заштитата на нашата животна средина.





# НАСЕЛЕНИЕ

## 3 ЧИСТЕЊЕ ВО ЦЕНТАРОТ НА СКОПЈЕ

„Пакомак“, во друштво на вработените и на градоначалникот на Општина Центар, реализираше акција за чистење на централната општина во Скопје. Вработените во Општината и во друштвото „Пакомак“ доброволно се приклучија во оваа акција и заедно исчистија неколку паркови во општината, како и шеталиштето на реката Вардар.

Целта на оваа акција беше да се зголеми свеста кај граѓаните и преку ваков пример да се укаже на негативните последици за животната средина доколку не се селектира амбалажниот отпад и доколку не се внимава при фрлањето отпад.



# 4 „ПАКОМАК“ ГО ПОДДРЖА ДЕТСКИОТ ЗАБАВЕН ФЕСТИВАЛ „ПОТОЧИЊА“

Популарниот детски фестивал „Поточиња“ по 16. пат се одржа на сцената на Македонската опера и балет и, како и минатата година, така и оваа „Пакомак“ го поддржа овој детски настан со забавен и едукативен карактер. Распеаните, насмеани и разиграни дечиња и овој пат им ја претставија фестивалската приказна на сите гости преку забавната програма, а, исто така, беа едуцирани како да го селектираат и рециклираат отпадот.



# 5 „СЕЛЕКТИРАЈ ИДНИНА“ СО КИРИЛ ЛАЗАРОВ

„Пакомак“ секогаш се обидува преку најразлични начини и личности да ја испрати пораката до народот за селектирање отпад. Со поддршка од страна на легендарниот спортист Кирил Лазаров, „Пакомак“ ја почна кампањата за едукација на младите спортисти, односно „Селектирај ја својата иднина“.

Во ракометната школа на Кирил Лазаров младите спортисти беа едуцирани за тоа што се случува со селектираниот отпад откако тој ќе заврши во кантите на „Пакомак“. Исто така, им беше укажано дека колку што е спортувањето битен фактор за младите, исто толку е важна и грижата за нашата животна средина, односно правилното селектирање на отпадоците. Едукативните содржини беа практично применувани на тренинзите на младите спортисти. Тие покажаа дека не е тешко да се научи како да се селектира и дека тоа треба да се применува уште од најрана возраст.



# 6 НАПРАВЕНО МАРКЕТИНГ-ИСТРАЖУВАЊЕ ВО ВРСКА СО СВЕСТА И СО МИСЛЕЊЕТО НА ГРАЃАНИТЕ ЗА РЕЦИКЛИРАЊЕТО НА АМБАЛАЖНИОТ ОТПАД

„Пакомак", како дел од својата стратегија, во февруари 2019 година спроведе анкета со цел да се истражи размислувањето на граѓаните во врска со селектирањето и рециклирањето на стаклото, хартијата и на пластиката.

За разлика од другите години, оваа година бројката на испитаници беше зголемена на повеќе од 1.200, од повеќе старосни групи и повеќе градови во Македонија. Врз основа на информациите добиени од анкетниот прашалник во 2017 година, може да се забележи благ пораст на свеста на граѓаните за селектирањето отпад, па така 39 проценти се изјасниле како свесни, за разлика од 33 проценти во 2017 година.

Како градови што се покажаа како најсвесни за селектирањето отпад се покажаа Прилеп и Струмица, а, пак, од демографските карактеристики најмногу отпад селектираат жените и лицата постари од 45 години. Како еден од најразочарувачките елементи од овој анкетен прашалник е незаинтересираноста на младата популација од 18 до 30 години, која покажа значителен помал интерес за селектирање отпад, за разлика од статистиката во 2017 година.

Пластиката е најзастапен селектиран материјал кај граѓаните со 82 проценти, потоа стаклото со 42 процента, а, пак, хартијата се селектира најмалку, со само 34 проценти.

Исто така, како една од причините за намаленото селектирање отпад се наведува и недостапноста на канти за селектирање, како што се изјасниле 68 проценти, а, пак, дури 94 проценти потврдиле дека би селектирале доколку биде подостапно.

## 7 ПАКОМАК“ ИЗБРА НАЈЕКОЛОШКА ОПШТИНА ЗА 2018 ГОДИНА

Во рамките на конкурсот што го организираше „Пакомак“ во 2018 година, Прилеп се докажа како најеколошки настроена општина во нашата држава оставајќи ги зад себе Кавадарци на второто место и општините Центар и Карпош, кои ја поделија третата позиција.

Прилеп е општина што веќе подолго време во најголем број селектира хартија, пластика и стакло, а, исто така, има и најмногу контејнери за селекција на отпад, кои не се донирани од страна на „Пакомак“, туку се од општинските власти. Покрај соработката со општината Прилеп, од „Пакомак“ нагласија и дека соработката со Кавадарци и со општините Центар и Карпош, исто така, е многу значајна. Само во Кавадарци во последниот период беа поставени повеќе од 45 контејнери за селектирање, а, пак, во Центар и во Карпош се селектира најмногу во кафулињата, каде што се рециклирани повеќе од 500 тони стакло во изминатата година.

„Пакомак“ на првопласираната општина ќе ѝ додели модерно детско игралиште направено од еколошки материјали. Игралиштето ќе биде поставено на локација во општината што ќе биде однапред договорена со општинските власти. Второпласираната и третопласираната општина ќе бидат наградени со садници, кои ќе бидат засадени во наведените општини.

„Пакомак“ својата одлука за најеколошка општина и градоначалник ја темелеше врз повеќе различни критериуми и резултати од нивната работа во текот на 2018 година, како количината собран и селектиран амбалажен отпад, одвоените средства од општинскиот буџет предвидени за екологија, реализираните еколошки проекти, како и проекти поврзани со екофасади, соларни панели и слично, зголемен број зелени површини, еколошки акции, грижа за урбана опрема, спроведување на условите за големите загадувачи и други значајни мерки, кои битно влијаат врз сеопштата еколошка слика на секоја од општините.


ПЛАКЕТА
ОПШТИНА ПРИЛЕП
ПАКОМАК
ПЛАКЕТА
ОПШТИНА КАРПОШ





ЈАНУАРИ - МАРТ 2019

ПАКОМАК
ДРУШТВО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПАКУВАЊЕ И ОТПАД ОД ПАКУВАЊЕ

PRO EUROPE